БАРАЊЕ ЗА ОБНОВА НА А ИНТЕГРИРАНА ЕКОЛОШКА ДОЗВОЛА ЗА ДРУШТВОТО ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје



“ЕКО-ТЕАМ” ДОО Скопје

Друштво за заштита на животната средина

М.П.

Содржина

ВОВЕД 3

1 Општи Информации 3

II ОПИС НА ИНСТАЛАЦИЈАТА, НЕЈЗИНИТЕ ТЕХНИЧКИ ДЕЛОВИ И ДИРЕКТНО ПОВРЗАНИ АКТИВНОСТИ 9

III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА 9

IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ, ДРУГИ СУПСТАНЦИИ И ЕНЕРГИИ УПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА 10

V РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ 10

VI ЕМИСИИ 15

VII СОСТОЈБИ НА ЛОКАЦИЈАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА АКТИВНОСТА 21

VIII ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО, НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ 26

IX МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И МЕРНИ МЕСТА ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ 28

X ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И НАЈДОБРИ ДОСТАПНИ ТЕХНИКИ 28

XI ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ 30

XII ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ 30

XIII РЕМЕДИЈАЦИЈА, ПРЕСТАНОК СО РАБОТА, ПОВТОРНО ЗАПОЧНУВАЊЕ СО РАБОТА И ГРИЖА ПО ПРЕСТАНОК НА АКТИВНОСТИТЕ 31

XIV НЕТЕХНИЧКИ ПРЕГЛЕД 32

XV. ИЗЈАВА 34

АНЕКС 1 - ТАБЕЛИ 1-32

АНЕКС 2 - ПРИЛОЗИ 1-89

ВОВЕД

Друштвото ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје е основано на 26.06.2008 год., една од основните дејности на Друштвото е управување и постапување со опасен и неопасен отпад. Во текот на своето работење компанијата употребува сопствена опрема и возила, применува напредни технолошки методи и постапки во областа на управување и постапување со отпадот и заштита на животната средина.

Компанијата поседува дозволи за вршење на дејност издадени од Министерството за животна средина и просторно планирање на Република Македонија.

- Дозвола за вршење на дејност – Складирање и третман на отпад;
- Дозвола за вршење на дејност – Собирање и транспортирање на комунален и други видови на неопасен отпад;
- Дозвола за вршење на дејност – Дозвола за Собирање и транспортирање на опасен отпад;

Изборот на процесите за третман на опасен и неопасен отпад е базиран на најдобрите достапни техники за обработка на отпад и овозможуваат употреба на опрема која може да се користи како постојана поставка во постоечката инсталација или времено на локациите на самото место на настанување на отпадот.

1.1 Информации за инсталацијата



Сл. 1 Макро локација на локацијата

документ	архивски број	доставен од / до	дата
Барање за А ИЕД	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	19.03.2020
Известување со барање за измена на „Вид на барање“	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	05.05.2020
Одговор на Известување со барање за измена на „Вид на барање“	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	11.05.2020
Известување за поднесено барање за добивање на А ИЕД	уп. 11/3-456	Општина Гази Баба	21.05.2020
Известување за поднесено барање за добивање на А ИЕД	уп. 11/3-456	Министерство за здраство	21.05.2020
Известување за поднесено барање за добивање на А ИЕД	уп. 11/3-456	Министерство за економија	21.05.2020
Известување за поднесено барање за добивање на А ИЕД	уп. 11/3-456	ДИЖС	21.05.2020
Објава набарање за А ИЕД	03-0719/1		02.06.2020
Одговор на барање за мислење	09-4102/4	Министерство за здраство	09.07.2020
Записник од извршен увид на инсталација во ЕКО-ТЕАМ Скопје	уп. 11/3-456		10.07.2020
Одговор на утврдена фактичка состојба при извршен увид на инсталацијата во ЕКО-ТЕАМ Скопје	03-0911/1	ЕКО-ТЕАМ скопје	13.07.2020
Објава на нацрт А-ИЕД за ЕКО-ТЕАМ Скојпе	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	24.08.2020
Објава на нацрт А-ИЕД од ЕКО-ТЕАМ Скојпе во дневен печат	03-1060/1	ЕКО-ТЕАМ скопје	27.08.2020
Известување до Кабинет на Министер за изготвена А ИЕД	11-4718/1	Тука	17.09.2020
Решение за издавање на А ИЕД	уп. 11/3-456	ДИЖС	05.10.2020
Известување за издадена А ИЕД	уп. 11/3-456	Град Скопје	05.10.2020
Известување за издадена А ИЕД	уп. 11/3-456	Општина Гази Баба	05.10.2020
Објава на А ИЕД за ЕКО ТЕАМ ДОО Скопје	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	05.10.2020
Достава на А ИЕД на ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје	уп. 11/3-456	ЕКО-ТЕАМ скопје	05.10.2020
Објава на А ИЕД за ЕКО ТЕАМ ДОО Скопје во дневен печат	03-1229/1	ЕКО-ТЕАМ скопје	13.10.2020
Известување за измена на адреса на седиште (доспеано по решението за издавање на А ИЕД)	03-1152/1	ЕКО-ТЕАМ скопје	21.09.2020

Операторот на инсталацијата започна постапка за обнова на А - интегрираната еколошка дозвола, согласно Член 115 став 7 од Закон за животна средина, Обнована А - интегрирана еколошка дозвола по службена должност:
(6) Органот на државната управа надлежен за работите од областа на животна средина е должен, редовно, секои седум години да ги провери условите утврдени со дозволата и доколку е потребно истите да ги промени.

(7) Операторот поднесува барање за обнова на А – интегрираната еколошка дозвола до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина најдоцна една година пред истекот на временскиот период од ставот (6) на овој член.

(8) Одредбите од овој закон кој се однесува на издавање на А - интегрирана еколошка дозвола, постапката, учеството на јавноста, условите и содржината на А - интегрираната еколошка дозвола, како и условите за поднесување на жалби ќе се применуваат и на постапката за обнова на А - интегрираната еколошка дозвола.

Во продолжение е Барањето за обнова на А - интегрираната еколошка дозвола.

I.1 Општи информации

I ИНФОРМАЦИИ ЗА ОПЕРАТОРОТ/БАРАТЕЛОТ

Име на компанијата[1]	ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје
Правен статус	ДОО
Сопственост на компанијата	Приватна сопственост
Адреса на седиштето	Перо Наков бр. 116 Гази Баба
Поштенска адреса (доколку е различна од погоре споменатата)	1000 Скопје
Матичен број на компанијата[2]	6371698
Шифра на основната дејност според НКД	39.00-Дејност за санација и останати услуги за управување со отпад 5 – Постапување со отпад 5.1 Инсталации за депонирање, рециклирање и/или согорување на опасниот отпад со капацитет над 10t/den
SNAP код[3]	
NOSE код[4]	
Број на вработени	20

Овластен претставник

Име	Марјан Блажевски
Единствен матичен број	0806991450089
Функција во компанијата	Управител со отпад

[1] Како што е регистрирано во судот, важечка на денот на апликацијата
[2] Копија на судската регистрација треба да се вклучи во **Прилог I.1**
[3] Selected nomenclature for sources of air pollution, дадено во Анекс 1 од Додатокот од Упатството
[4] Nomenclature for sources of emission
[5] Ова барање не се однесува на трансфер на дозволата во случај на продажба на инсталацијата

Телефон	+389 70 279 534
Факс	+389 2 2581407
e-mail	info@eko-team.net

I.1.1 Сопственост на земјиштето

Име на сопственикот	Жељко Шмитран
Адреса	Ул. Владе Грзданича 11, Ријека Р Хрватска

I.1.2 Сопственост на објектите

Име:	Објектите се вопривatна сопственост
Адреса:	Ул. Перо Наков бр. 116 П. Фах 835 1000 Скопје

I.1.3 Вид на барањето[5]

Нова инсталација	
Постоечка инсталација	да
Значителна измена на постоечка инсталација	
Престанок со работа	

I.2. Информации за инсталацијата

Име на инсталацијата[4]	ЕКО-ТЕАМ Скопје
Адреса на која инсталацијата е лоцирана, или каде ќе биде лоцирана	Ул. 16 Македонска бригада бр. 18 (Огноотпорно) 1000 Скопје
Координати на локацијата според Националниот координатен систем (10 цифри-5 Исток, 5 Север)[5]	42° 0'41.92"S и 21°28'27.93"I
Категорија на индустриски активности кои се предмет на барањето[6]	5 – Постапување со отпад 5.1 Инсталации за депонирање, рециклирање и/или согорување на опасниот отпад со капацитет над 10t/den
Проектиран капацитет	7500 t/god

Да се вклучат копии од сите важечки дозволи на денот на аплицирањето во **Прилогот** Бр. **I.2.**

Да се вклучат сите останати придружни информации во **Прилогот Бр. I.2.**

[4]Се однесува на името на инсталацијата како што е регистрирана или ќе биде регистрирана во судот. Да се вклучи копија на регистрацијата во **ПрилоготI.2.**

[5]Мапи на локацијата со географска положба и јасно назначени граници на инсталацијата треба да се поднесат во **Прилогот I.2.**

[6]Внеси го(ги) кодот и активноста(е) наброени во Анекс 1 од ИСКЗ уредбата (Сл. Весник 89/05 од 21 Октомври 2005). Доколку инсталацијата вклучува повеќе технологии кои се цел на ИСКЗ, кодот за секоја технологија треба да се означат. Кодовите треба јасно да се оделени меѓу себе

Одговор

Постоечката инсталација на Друштвото за Заштита на Животната Средина, „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО, Скопје се наоѓа во склоп на индустриската зона „Рудници и Железарница Скопје “ на територијата на општина Гази Баба, Скопје.

Во непосредна близина инсталацијата граничи само со индустриски објекти и слободна површина и нема објекти кои вршат здравствена, социјална и образовна дејност.

Инсталацијата се состои од работните и помошни простории:

- Управна зграда,
- Магацин за прием, третман и пакување на отпадот
- Главна чувара со мониторинг за набљудување на инсталацијата.

Во **Прилог I.2**, дадени се:

- Прилог I.2.1. Тековна состојба
- Прилог I.2.2. Имотен лист
- Прилог I.2.3. Потврда за Детален урбанистички план
- Прилог I.2.4. Дозвола за вршење дејност МЖСПП
- Прилог I.2.5. Дозвола за вршење дејност МЖСПП собирање и транспорт на неопасен отпад
- Прилог I.2.6. Дозвола за вршење дејност МЖСПП собирање и транспорт на опасен отпад
- Прилог I.2.7. Листа на видови отпад
- Прилог I.2.8. Решение за одобрување на елаборат за заштита на животната средина
- Прилог I.2.9. Макролокација на инсталацијата
- Прилог I.2.10. Мапа на локацијата со географска положба и јасно назначени граници на инсталацијата

1.2.1 Информации за овластеното контакт лице во однос на дозволата

Име	Марјан Блажевски
Единствен матичен број	0806991450089
Адреса	Ул. Фрањо Клуз бр.7, 2-45 1000 Скопје
Функција во компанијата	Управител со отпад
Телефон	+389 70 279 534
Факс	+389 2 2581407
е-маил	info@eko-team.net

I.3Информации поврзани со измени на добиена А интегрирана еколошка дозвола

Име на инсталацијата (според важечката интегрирана еколошка дозвола)	ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје
Датум на поднесување на апликацијата за А интегрирана еколошка дозвола	Барање бр. уп. 11/3-456 од 19.03.2020 год.
Датум на добивање на А интегрираната еколошка дозвола и референтен број од регистерот на добиени А интегрирани еколошка дозволи	13,10,2020 год. Бр. 03-1229/1
Адреса на која инсталацијата или некој нејзин релевантен дел е лоциран	Ул. Перо Наков бр. 116 П. Фах 835 1000 Скопје
Локација на инсталацијата (регион, општина, катастарски број)	Скопски, Катастарска Општина Гази Баба, Катастарски број
Причина за аплицирање за измена во интегрираната дозвола	Обнова А - интегрираната еколошка дозвола

II ОПИС НА ИНСТАЛАЦИЈАТА, НЕЈЗИНИТЕ ТЕХНИЧКИ ДЕЛОВИ И ДИРЕКТНОПОВРЗАНИ АКТИВНОСТИ

Опишете ја постројката, методите, процесите, помошните процеси, системите за намалување и третман на загадувањето и искористување на отпадот, постапките за работа на постројката, вклучувајќи и копии од планови, цртежи или мапи (теренски планови и мапи на локацијата, дијаграми на постапките за работа) и останати поединости, извештаи и помошна документација кои се потребни да ги опишат сите аспекти на активноста.

Овде треба да се вклучи приказ на развитокот на процесите.

Прилог II треба да содржи листа на сите постапки/процеси од одделните делови кои се одвиваат, вклучувајќи дијаграми на постапки за секој од нив со дополнителни релевантни информации.

ОДГОВОР

Инсталацијата за складирање, третман и преработка на отпад ЕКО-ТЕАМ ДОО постапува во согласност со *Правилникот за начинот и условите за складирање на отпад како и условите што треба да ги исполнуваат локациите на кои што се врши складирање на отпад.*

Собирањето и транспортот на отпадот го извршува обучен персонал кој работните активности ги извршува по дефинирани работни постапки и работни упатства. Транспортот се извршува со возила кои поседуваат опрема за спречување на излевање на отпад, емисија на бучава, прашина или непријатна миризба.

Возилата редовно се сервисираат и поседуваат ажурирани исправи и сертификати согласно барањата на законската регулатива, ресорните министерства, за возилата се следати насоките согласно European Agreement concerning the International Carriage of Dangerous Goods by Road (ADR).

Во **Прилог II,** дадени се информации за техничките карактеристики на главните и помошните постројки и процеси, технологиите и технолошките шеми за производство, информации за сите аспекти на посебните операции кои може да предизвикаат емисии во животната средина за време на нормални услови, како и во случај на дефект или прекин на работа и.т.н.

III УПРАВУВАЊЕ И КОНТРОЛА НА ИНСТАЛАЦИЈАТА

Треба да се наведат детали за структурата на управувањето со инсталацијата. Приложете организациони шеми, како и сите важечки изјави на политики за управањето со животната средина, вклучувајќи ја тековната оценка за состојбата со животната средина.

Наведете дали постои сертифициран Систем за управување со животната средина за инсталацијата.

Доколку постои сертифициран Систем за управување со животната средина за инсталацијата, наведете за кој стандард станува збор и вклучете копија од сертификатот за акредитација.

Овие информации треба да го сочинуваат Прилог III.

ОДГОВОР

Во Прилог III, дадена е организационата структура на управување со инсталацијата, сертификат ISO 9001:2015, политика за квалитет и политика за животна средина.

Инсталацијата има сертифициран Систем за управување со животната средина, ISO 14001.

IV СУРОВИНИ И ПОМОШНИ МАТЕРИЈАЛИ, ДРУГИ СУПСТАНЦИИ И ЕНЕРГИИУПОТРЕБЕНИ ИЛИ ПРОИЗВЕДЕНИ ВО ИНСТАЛАЦИЈАТА

IV.1 Да се даде листа на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива, и енергија која се произведува или употребува преку активноста

Листата(-тите) која е дадена треба да биде сосема разбирлива и треба да се вклучат, сите употребени материјали, горивата, меѓупроизводи, лабораториски хемикалии и производ(и).

Посебно внимание треба да се посвети на материјалите и производите кои се составени или содржат опасни супстанции. Списокот мора да ги содржи споменатите материјали и производи со јасна ознака согласно Анекс II од Додатокот на Упатството.

Табели IV.1.1 и IV.1.2 мораат да се пополнат.

Дополнителни информации треба да се дадат во Прилогот IV.

ОДГОВОР

Листата на суровини и помошни материјали, супстанции, препарати, горива и енергии употребени во Инсталацијата дадена е во Табелите IV.1.1 и IV.1.2, кои се пополнети и дадени во Анекс Табели, прилог 4.

V РАКУВАЊЕ СО МАТЕРИЈАЛИТЕ

V.1. Ракување со суровини, меѓупроизводи и производи

Во табелите IV.1.1 и IV.1.2 од Секцијата IV треба да се набројат сите материјали.

Овде треба да се истакнат детали за условите на складирање, локација во објектот, системот за сегрегација и транспортните системи во објектот. Приложете информациите кои се однесуваат на интегрираноста, непропусливоста и финалното тестирање на цевките, резервоарите и областите околу постројките.

Дополнителните информации треба да бидат дел од Прилогот V.1


ОДГОВОР

Во инсталацијата ракувањето со суровините, горивата, хемикалиите, помошните материјали и електричната енергија се одвива според техничко-технолошките норми и барања, согласно законската регулатива и е карактеристично за секоја од наведените компоненти.

За таа цел во Инсталацијата постои опрема и механизација за утовар и истовар, складирање, дистрибуција и транспорт, која редовно се одржува и контролира.

Главните и помошни суровини по пристигнувањето на локацијата со помош на виљушкари се истоварaат од превозните средства и се складираат во магацинот за суровини, одвоено од останатите суровини.

Истиот е изграден согласно законските прописи (суровините се складираат на бетонирани површини и направени се заштитни базени (прегради) за заштита на животната средина во случај на излевање на хемикалии при евентуални инцидентни ситуации) (Слики V.1-3).



Слика V.1 - 3: Дел од магацинските простории каде се складираат суровините и дел од транспортните средства

Влезните суровини и отпадните материјали превземени од коминтентите со виљушкар се транспортираат до местата во магацинот на инсталацијата. Позициите на кои се складираат се јасно означени и меѓусебно одделени.

Начинот на понатамошен третман на влезните суровини подетално е прикажан во претходното поглавје каде е даден техничко - технолошки опис.

Дополнителни информации дадени се во Прилог V.1.

V.2. Опис на управување со цврст и течен отпад во инсталацијата.

За секој отпаден материјал, дадете целосни податоци;

- Името;
- Опис и природа на отпадот;

- Извор;
- Каде е складиран и карактеристики на просторот за складирање;
- Количина/волумен во m3 и тони;
- Период или периоди на создавање;
- Анализи (да се вклучат методи на тестирање и Контрола на Квалитет);
- Кодот според Европскиот каталог на отпад.

Во случај кога одреден отпад се карактеризира како опасен, во информација треба тоа да биде јасно нагласено, согласно дефиницијата за опасен отпад од Законот за отпад (Службен весник 68-04).

Сумарните табели V.2.1 и V.2.2 треба да се пополнат, за секој отпад соодветно. Потоа, треба да се даде информација за Регистрацискиот број на Лиценцата/дозволата на претприемачот за собирање на отпад или на операторот за одложување/повторна употреба на отпадот, како и датумот на истекување на важечките дозволи.

Дополнителните информации треба да го сочинуваат Прилогот V.2


ОДГОВОР

Постоечките методи за превенција на создавање на отпад се содржат пред се од рационално постапување со средствата на инсталацијата како и надвор од неа. Почести контролни сервиси на возилата, опремата и постројките, за да се одржуваат во континуирано работна состојба. Со тоа се продолжува и работниот век и траење на постројките и опремата со што се редуцира и отпадот кој настанува на локацијата и негативното влијание на животната средина, што може да се манифестира преку емисија во воздухот, водата и почвата.
Превенција од создавање на отпад на локацијата се изведува со третман на производи кои можат повторно да се употребат, доколку е тоа можно. Секогаш се инсистира на употреба на производи кои по првичната употреба можат да бидат предмет на третман отколку на производи кои по употребата единствено можат да се згрижат или депонираат.
Селектирање на отпад на местото на создавање е мерка со која се постигнува поголема ефикасност при постапувањето со отпад. Компанијата располага со соодветни садови и резервоари распределени за одделно собирање на одредени видови на отпад.
Најчести видови на отпад кои веднаш се селектираат во пракса се стакло, пластика, метал, хартија, картон, замастен отпад од пакување, замастени апсорбенси, пакување со суви остатоци на боја и слично.
Отпадот кој не може да биде предаден на овластени постапувачи и не може да биде депониран, особено некои видови на опасен отпад, соодветно се препакува и извезува надвор од Република Северна Македонија.
За оваа постапка Компанијата ЕКО-ТЕАМ ДОО поседува соодветни дозволи за извоз, издадени од Министерството за Животна Средина и Просторно Планирање кои се обновуваат редовно.
Дополнителни информации и податоци за управувањето со отпадот создаден на локацијата, дадени се во Прилог V.

Годишните количини на отпад кој се генерира во инсталацијата се дадени во табелите V.2.1 и V.2.2 приложени во Анекс 1 - Табели.

Отпадот селективно се собира и складира во магацин за отпад и во контејнери на збирни места за отпад.

Слики од местата за складирање се прикажани во продолжение V.4-5.



Слика V.4-6:Места за складирање на отпад

Операторот на инсталацијата управува со отпадот согласно барањата на Законот за управување со отпад и подзаконските акти.

V.3. Одложување на отпадот во границите на инсталацијата (сопствена депонија)

За отпадите кои се одложуваат во границите на инсталацијата, треба да се поднесат целосни детали за местото на одложување (вклучувајќи меѓу другото процедури за селекција за локацијата, мапи на локацијата со јасна означеност на заштитените водни зони, геологија, хидрогеологија, план за работа, составот на отпадот, управување со гасови и исцедокот и грижа по затворање на локацијата).

Дополнителните информации да се вклучат во Прилогот V.

ОДГОВОР

Во склопот на границите на инсталацијата не е планирана сопствена депонија и одложување на отпад .

VI ЕМИСИИ

VI.1. Емисии во атмосферата

VI.1.1 Детали за емисија од точкасти извори во атмосферата

Сите емисии од точкасти извори во атмосферата треба детално да бидат објаснети. За емисии од парни котли со топлотен влез над 5 MW и други котли над 250 kW треба да се пополни Табела VI.1.1. За сите главни извори на емисија треба да се пополнат Табелите VI.1.2 и VI.1.3, а табелата VI.1.4 да се пополни за помали извори на емисија.

Потребно е да се вклучи список на сите извори на емисии, заедно со мапи, цртежи, и придружна документација како Прилог VI. Информации за висината на емисиите, висина на покривите, и др., исто така треба да се вклучат, како и описи и шеми на сите системи за намалување на емисиите.

Барателот треба да го наведе секој извор на емисија од каде се емитираат супстанциите наведени во Анекс III од Додатокот на Упатството.

За емисии надвор од Белешките за НДТ, потребно е да се направи целосна проценка на постоечкиот систем за намалување/третман на емисиите. Потребно е да се приложи изготвен план за подобрување насочен кон постигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ. Со тоа треба да се означат конкретни цели и временски распоред, заедно со опции за модификација, надградување и замена потребни за да се доведат емисиите во рамките поставени во Белешките за НДТ. Секој неуспех во достигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ треба да биде објаснет и оправдан.

ОДГОВОР

Од инсталацијата не се евидентирани главни (точкасти) и споредни (помали) испусти на отпадни гасови и загадувачки супстанции во воздухот во животната средина.

Табелите VI.1.2, VI.1.3 и VI.1.4, за емисиите од оваа категорија (главни и споредни емисии) не се пополнети и се дадени во Анекс 1 Табели.

VI.1.2 Фугитивни и потенцијални емисии

Во Табела VI.1.5. да се даде листа на детали за фугитивните и потенцијални емисии.

Согласно активностите наведени во Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл. весник на РМ, бр.141/2010год.) во врска со ограничувањето на емисиите на испарливи органски соединенија при употреба на органски раствори во поединечни активности и инсталации:
− наведете дали емисиите се во границите дадени во гореспоменатиот Правилник, и доколку не се,како тие ќе се постигнат.

Целосни детали и сите дополнителни информации треба да го сочинуваат Прилогот VI.1.2

ОДГОВОР

Фугитивните емисии на прашина не се очекуваат при извршувањето на работните процеси на инсталацијата.

Табелата VI.1.5 е дадена во АНЕКС 1 - Табели и не е пополнета.

VI.2. Емисии во површинските води

За емисии во површинските води треба да се пополнат табелите VI.2.1 и VI.2.2.

Листа на сите емисиони точки, заедно со мапите, цртежите и придружната документација треба да се вклучи во Прилог VI.2.

Барателот треба да наведе за секој извор на емисија посебно дали се емитуваат супстанции наведени во Анекс IV од Додатокот на Упатството.

Потребно е да се дадат детали за сите супстанции присутни во сите емисии, согласно Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на Р.М. бр. 81/2011).

Мора да бидат вклучени сите истекувања на површински води и сите поројни води од дождови кои се испуштаат во површинските води. За сите точки на истекување треба да биде дадена географска положба по националниот координативен систем (10 цифри, 5 И, 5 С). Треба да се наведе идентитетот и типот на реципиентот (река, канал, езеро и др.)

За емисии надвор од Белешките за НДТ, потребно е да се направи целосна проценка на постоечкиот систем за намалување/третман на емисиите. Потребно е да се приложи изготвен план за подобрување насочен кон постигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ.

Со тоа треба да се означат конкретни цели и временски распоред, заедно со опции за модификација, надградување и замена потребни за да се доведат емисиите во рамките поставени во Белешките за НДТ. Секој неуспех во достигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ треба да биде објаснет и оправдан.

ОДГОВОР

Местоположбата на локацијата исклучува директни влијанија и емисии во вода. Влијанието врз водата е единствено возможно при товар и транспорт на отпадните материјали што се предмет на складирање и обработка од локацијата на нарачателот до локацијата на погонот.

Како една од основните мерки за намалување на влијанието и емисии во вода се јавува одржување на возилата во исправна состојба кои се користат за транспорт на отпадот внатре во објектот и возилата со кои се врши транспорт на отпад од локацијата на нарачателот, до локацијата на складот. На тој начин, значително ќе се намали веројатноста за појава на непредвидени дефекти и истекување на нафтени деривати од резервоарите на возилата, кои може да доспеат до водотеците или пак почвата и да предизвикаат огромни штети.

Исто така потребно е да се посвети особено внимание при извршување на товарење и транспортот на отпад, да не дојде до неконтролирано излевање на отпадот во водотеците и на

тој начин визуелно да се нарушат или потенцијално да се загадат. Табелите VI.2.1 и VI.2.2 не се пополнети и се дадени во Анекс 1 - Табели.

VI.3 Емисии во канализација

Потребно е да се комплетираат табелите VI.3.1 и VI.3.2.

Сумарна листа на изворите на емисии, заедно со мапите, цртежите и дополнителната документација треба да се вклучи во Прилог VI.3. Потребно е да се дадат детали за сите супстанции присутни во било кои емисии, согласно Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на Р.М. бр. 81/2011).

Исто така во Прилогот VI.3. треба да се вклучат сите релевантни информации за канализацијата приемник, вклучувајќи и системи за намалување/третирање на отпадни води кои не се досега опишани.

За емисии надвор од Белешките за НДТ, потребно е да се направи целосна проценка на постоечкиот систем за намалување/третман на емисиите. Потребно е да се приложи изготвен план за подобрување насочен кон постигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ.

Со тоа треба да се означат конкретни цели и временски распоред, заедно со опции за модификација, надградување и замена потребни за да се доведат емисиите во рамките поставени во Белешките за НДТ. Секој неуспех во достигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ треба да биде објаснет и оправдан.

Дадете детали за сите емисии кои може да имаат влијание на интегритетот на канализацијата и на безбедноста во управувањето и одржувањето на канализацијата.

ОДГОВОР

Снабдување со техничка и хигиенска вода на територијата на Рудници и Железарница, Скопје, вклучувајќи и третирање на водата како и згрижувањето на отпадните води преку канализационен систем ги раководи компанијата РЖ Услуги АД, Скопје. За водоснабдување на објектите, постои приклучок во водомерна шахта во близина на административната зграда.

Атмосферската и санитарна отпадна вода од локацијата се собира преку постоечка канализациона инфраструктура до колекторски систем за целиот индустриски комплекс.

Фекалните води поминуваат низ уред за третман на истите пред нивното испуштање во канализациониот систем.

За водата која се слева на површини каде поминуваат возила, е предвиден сепаратор на масти. Овој тип на маслофаќач е хоризонтален, се состои од таложник, коалесцентен филтер, насочувач (by pass).

Во склоп на технолошката канализациона линија се наоѓа водонепропустлив бункер кој е предвиден за интервентен прием на контаминирана вода во случај на хаварија.

Испуштањето на вода од процесите е контролирано и се извршува само по претходно извршена проверка на квалитет на отпадна вода.

Доколку параметрите не ги надминуваат граничните вредности дефинирани во Законската регулатива како што е Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивно пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитените зони,

отпадната вода може да се испушти во канализационата мрежа во спротивно се складира за понатамошен третман и згрижување.
Подетални објаснувања за отпадни води кои се јавуваат од инсталацијата дадени се во Прилог VI.3.

Табелите **VI.3.1** и **VI.3.2,** не се пополнети и се дадени во Анекс 1 - Табели.

VI.4. Емисии во почвата

За емисии во почва да се пополнат Табелите VI.4.1 и VI.4.2.

Опишете ги постапките за спречување или намалување на влезот на загадувачки материи во подземните води, како и постапките за спречување на нарушување на состојбата на било кои подземни водни тела.

Барателот треба да обезбеди детали за видот на супстанцијата (земјоделски и неземјоделски отпад) кој треба да се расфрла на почвата (отпадна мил, пепел, отпадни течности, кал и др.) како и предложените количества за апликација, периоди на испуштање и начинот на испуштање (испустна цевка, резервоар).

За емисии надвор од Белешките за НДТ, потребно е да се направи целосна проценка на постоечкиот систем за намалување/третман на емисиите. Потребно е да се приложи изготвен план за подобрување насочен кон постигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ.

Со тоа треба да се означат конкретни цели и временски распоред, заедно со опции за модификација, надградување и замена потребни за да се доведат емисиите во рамките поставени во Белешките за НДТ.

Секој неуспех во достигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ треба да биде објаснет и оправдан. Секој неуспех во достигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ треба да биде објаснет и оправдан.

ОДГОВОР

Од работењето на инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ“ Скопје, не се идентификувани емисии во почвата. Објектот наменет за складирање на отпад што е потребно да се преработи или да се отстрани е затворен од челична конструкција оградена со лимени плочи.

Подната површина на целото плато е од непропусен материјал, бетонска подлога со површина од приближно 2000 m2 која оневозможува излевање на штетни материи во почвата.

Табелите **VI.4.1** и **VI.4.2,** дадени во Анекс 1 не се пополнети.

VI.5 Емисии на бучава

Дадете детали за изворот, локацијата, природата, степенот и периодот или периодите на емисиите на бучава кои се направени или ќе се направат.

Табела VI.5.1 треба да се комплетира, како што е предвидено за секој извор.

Придружната документација треба да го сочинува Прилогот VI. 5

За емисии надвор од опсегот предвиден со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008 год.), потребно е да се направи целосна проценка на постоечкиот систем за намалување/третман на емисиите. Потребно е да се приложи изготвен план за подобрување насочен кон постигнување на граничните вредности од Белешките за НДТ.

Со тоа треба да се означт конкретни цели и временски распоред, заедно со опции за модификација, надградување и замена потребни за да се доведат емисиите во рамките поставени во Белешките за НДТ.

ОДГОВОР

Согласно со класификацијата на подрачјата според степенот на заштита од бучава местоположбата на објектот, инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ "ДОО Скопје спаѓа во подрачје од IV степен на заштита од бучава.

Со спроведувањето на технолошкиот процес можни се извори на бучава со различен интензитет, кои потекнуваат од уреди кои се дел од постројките вклучени во процесот (на пр. пумпи, уреди за ладење, преси, дробилки и сл).

Детали за изворите на бучава која се создава во Инсталацијата, местоположбата и мерењата дадени се во **Прилогот VI. 5**.

Табела VI.5.1, е пополнета и дадена е воАНЕКС 1 - Табели.

VI.6 Вибрации

Податоци (и опис на вибрациите) треба да се предвидат или да се однесуваат на изминатата година.

Идентификувај ги изворите на вибрации кои влијаат на животната средина надвор од границите на постројката и забележи ги резултатите на мерењата или пресметките кои се изведувале. Во извори на вибрации може да се вклучат и бучавата од транспортот што се одвива во инсталацијата. За новите инсталации или за измените во инсталациите се вклучуваат сите извори на вибрации и било кои вибрации кои настануваат за време на градбата. Сите извори треба да се опишат во графички анекси. Дополнителната документација треба да го сочинува Прилогот VI. 6

ОДГОВОР

Од работењето на инсталацијата за складирање и третман на отпад „ЕКО-ТЕАМ"Скопје, не се идентификувани емисии на вибрации.

VI.7. Извори на нејонизирачко зрачење

Идентификувај ги изворите на нејонизирачко зрачење (светлина, топлина и др.) кои влијаат на животната средина надвор од хигиенската зона на постројката и забележи ги резултатите на мерењата или пресметките кои се извршени.

ОДГОВОР

Во Инсталацијата нема извори на нејонизирачко зрачење во животната средина.

VII СОСТОЈБИ НА ЛОКАЦИЈАТА И ВЛИЈАНИЕТО НА АКТИВНОСТА

VII.1. Опишете ги состојбите на локација на инсталацијата

Обезбеди податоци за состојбата на животната средина (воздухот, површинската и подземна вода, почвата, бучавата) кои се однесуваат на изградбата и започнувањето на инсталацијата со работа.

Обезбеди оценка на влијание на било кои емисии во животнта средина, вклучувајќи ги и медиумите во кои не се направени емисиите.

Опиши, каде е соодветно, мерки за минимизирање на загадувањето на големи далечини или на територијата на други држави.

ОДГОВОР

Во **Прилогот VII.1,** опишани се условите на теренот на инсталацијата.

VII.2 Оценка на емисиите во атмосферата

Опиши ги постоечките услови во поглед на квалитетот на воздухот со посебна напомена на стандардите за квалитет на амбиенталниот воздух.

Да се наведе дали емисиите од главните загадувачки супстанции од Правилникот за граничните вредности за дозволените нивоа на емисии и видови на загадувачки супстанции во отпадните гасови и пареи кои ги емитираат стационарните извори во воздухот (Сл.

весник на РМ, бр.141/2010год.) во атмосферата можат да наштетат на животната средина. Ако е детектиран мирис надвор од границите на инсталацијата да се обезбеди оценка на мирисот во однос на фреквенцијата и локацијата на појавување.

Дадете детали и оценка на влијанијата на било кои постоечки или предвидени емисии во животната средина, вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Во Прилогот VII.2 треба да се дадат модели за дисперзија на емисиите во атмосферата од различните процеси во инсталацијата.

ОДГОВОР

Согласно Законот за квалитет на амбиентен воздух ("Службен весник на РМ" бр. 67/04, 92/07, 35/10, 47/11, 100/12, 163/13) и подзаконските акти, кои произлегуваат од него, емисиите во воздухот се категоризираат во: емисии од котли, точкасти емисии од стационарни и мобилни извори и потенцијални и фугитивни емисии. Што се однесувана влијанијата од границите на инсталацијата, се очекува одредена фугативна емисија на прашина од компаниите кои се во непосредна близина во индустриската зона.

VII.3 Оценка на влијанијата врз реципиентот - површински води

Опиши ги постоечките услови во поглед на квалитет на водата со посебно внимание на стандардите за квалитет на животна средина Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на Р.М. бр. 81/2011). Треба да се пополни Табелата VII.3.1.

Наведете дали емисиите на главните загадувачки супстанции (како што се дефинирани во Анекс IV од Додатокот на Упатството) во водата можат да наштетат на животната средина.

Дадете детали и оценка на влијанијата на било кои постоечки или предвидени емисии во животната средина, вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Деталите од оценката и било кои други релевантни информации за реципиентот треба да се поднесат во Прилог VII.3.

ОДГОВОР

Местоположбата на локацијата исклучува директни влијанија и емисии во вода. Влијанието врз водата е единствено возможно при товар и транспорт на отпадните материјали што се предмет на складирање и обработка од локацијата на Нарачателот до локацијата на погонот.

Како една од основните мерки за намалување на влијанието и емисии во вода се јавува одржување на возилата во исправна состојба кои се користат за транспорт на отпадот внатре во објектот и возилата со кои се врши транспорт на отпад од локацијата на Нарачателот до локацијата на складот. На тој начин, значително ќе се намали веројатноста за појава на непредвидени дефекти и истекување на нафтени деривати од резервоарите на возилата, кои може да доспеат до водотеците или пак почвата и да предизвикаат поголеми штети.

Исто така потребно е да се посвети особено внимание при извршување на товарење и транспортот на отпад, да не дојде до неконтролирано излевање на отпадот во водотеците и на тој начин визуелно да се нарушат или потенцијално да се загадат.

Табелата VII.3.1, не е пополнета и дадена е во **АНЕКС 1 - Табели.**

VII.4 Оценка на влијанието од испуштање во канализација

Дадете детали и оценка на влијанијата на било кои постоечки или предвидени емисии во животната средина, вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Деталите од оценката и било кои други дополнителни информации треба да се поднесат во Прилог VII.4.

ОДГОВОР

Снабдување со техничка и хигиенска вода на територијата на Рудници и Железарница Скопје вклучувајќи и третирање на водата како и згрижувањето на отпадните води преку канализационен систем ги раководи компанијата РЖ Услуги АД, Скопје.

Атмосферската и санитарна отпадна вода од локацијата се собира преку постоечка канализациона инфраструктура до колекторски систем за целиот индустриски комплекс. Во дворното место има постоечки сливници кои се во функција. Во атмосферската канализациона мрежа се опфатени и олуците од објектот. Фекалните води поминуваат низ уред за третман на истите пред нивното испуштање во канализациониот систем.

За водата која се слева на површини каде поминуваат возила, е поставен сепаратор на масти. Овој тип на маслофаќач е хоризонтален, се состои од таложник, коалесцентен филтер, насочувач (by pass).

Во склоп на технолошката канализациона линија се наоѓа водонепропустлив бункер кој е предвиден за интервентен прием на контаминирана вода во случај на хаварија.

Со тоа се исклучува директно влијание од работењето на инсталацијата врз канализациониот систем.

VII.5 Оценка на влијанието од емисиитеврз почвата и подземни води

Опиши го постоечкиот квалитет на подземните води. Согласно Правилникот за условите, начинот и граничните вредности на емисија за испуштањето на отпадните води по нивното прочистување, начинот на нивното пресметување, имајќи ги во предвид посебните барања за заштита на заштитните зони (Сл. Весник на Р.М. бр. 81/2011).

Табелите VII.5.1 треба да се пополнат.

Дадете детали и оценка на влијанијата на било кои постоечки или предвидени емисии во почвата (пропусливи слоеви, почви, полупочви и карпести средини), вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Ова вклучува расфрлање по површината, инјектирање во земјата и др.

Деталите за оценката вклучувајќи хидрогеолошки извештај (да се вклучат метеоролошки податоци и податоци за квалитетот на водата, класификација на водопропусливиот слој, осетливост, идентификација и зонирањето на изворите и ресурсите), како и педолошки извештај треба да се поднесат во Прилогот VII.5.

Кога емисиите се насочени директно на или во почвите треба да се направат испитувања на почвите. Треба да се идентификуваат сите осетливи водни тела (како резултат на површински емисии).

ОДГОВОР

Нема емисии во почва и во подземни води. Во Анекс 1 Табели дадена е Табелата VII.5.1.

VII.5.1. Расфрлање на земјоделски и неземјоделски отпад

Табелите VII.5.2 и VII.5.3 треба да се комплетираат онаму каде што е соодветно. Повеќе информации се достапни во Упатството за ова барање.

Доколку отпадот се расфрлува на земјиште во туѓа сопственост, да се приложи соодветен договор со сопственикот.

ОДГОВОР

Не е применливо. Нема таква дејност. Табелите VII.5.2 и VII.5.3, не се пополнети.

VII.6 Загадување на почвата/подземните води

Треба да бидат дадени детали за познато минато или сегашно загадување на почвата и/или подземната вода, на или под теренот.

Сите детали вклучувајќи релевантни истражувачки студии, оценки, или извештаи, резултати од мониторинг, лоцирање и проектирање на инсталации за мониторинг, планови, цртежи, документација, вклучувајќи инженеринг за спречување на загадувања, ремедијација и било кои други дополнителни информации треба да се вклучат во Прилогот VII.6.

ОДГОВОР

Нема загадување на почвата и подземните води во минатото и сега.

VII.7 Оценка на влијанието врз животната средина на искористувањето на отпадот во рамките на локацијата и/или неговото одлагање

Опиши ги постапките за спречување на создавање отпад и искористување на истиот.

Дадете детали и оценка на влијанието врз животната средина на постоечкото или предложеното искористување на отпадот во рамките на локацијата и/или неговото одлагање, вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Овие информации треба да се дел од Прилогот VII.7.

ОДГОВОР

Основна дејност на Друштвото за Заштита на Животната Средина, ЕКО-ТЕАМ ДОО, Скопје е управување и постапување со отпад. Опасниот и неопасниот отпад соодветно се селектира, означува и складира за понатамошен дополнителен третман, рециклирање или реупотреба.

Отпадот се предава на постапувачи со отпад, кои поседуваат дозволи за вршење на дејност, складирање и третман согласно видот на отпадот, количините отпад кои не можат да бидат згрижени во Република Северна Македонија се извезуваат.

Детален опис за сите видови на отпад кој што се создава во текот на работењето на инсталацијата како и за местото на одложување и соодветните преземачи е даден во Додатокот V.

VII.8 Влијание на бучавата

Дадете детали и оценка на влијанијата на сите постоечки или предвидени емисии врз животната средина, вклучувајќи ги и медиумите различни од оние во кои емисиите би се случиле.

Мерења од амбиенталната бучава.

Пополнете ја Табела VII.8.1 во врска со информациите побарани подолу:

Наведете ги максималните нивоа на бучава што може да се појават на карактеристични точки на границите на инсталацијата. (наведете го интервалот и траењето на мерењето).

Наведете ги максималните нивоа на бучава што може да се појават на посебни осетливи локации надвор од границите на инсталацијата.

Наведете детали за постоечкото ниво на бучава во отсуство на бучавата од инсталацијата.

Во случај кога се надминатa граничните вредности дадени со Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008 год.), во Прилогот VII.8 треба да се приложат модели на предвидување, мапи, дијаграми и придружни документи, вклучувајќи детали за намалување и предложените мерки за контрола на бучавата.

ОДГОВОР

Согласно извршените мерења може да се оцени дека не постои влијание од емисија на бучава врз животна срединаво согласност со нормативите дадени во Законот за заштита од бучава во животната средина (Сл. Весник на РМ бр. 79/2007), Правилникот за примена на индикатори за бучава, дополнителни индикатори за бучава, начин на мерење на бучава и методите за оценување со индикаторите за бучава во животна средина (Сл. Весник на РМ бр.107/2008) и Правилникот за гранични вредности на нивото на бучава во животна средина (Сл.весник на РМ бр. 147/2008 год.).

Табелата VII.8.1, е пополнета и дадена во АНЕКС 1

VIII ОПИС НА ТЕХНОЛОГИИТЕ И ДРУГИТЕ ТЕХНИКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ, ИЛИ ДОКОЛКУ ТОА НЕ Е МОЖНО, НАМАЛУВАЊЕ НА ЕМИСИИТЕ НА ЗАГАДУВАЧКИТЕ МАТЕРИИ

Опиши ја предложената технологија и другите техники за спречување или, каде тоа не е можно, намалување на емисиите од инсталацијата.

VIII.1. Мерки за спречување на загадувањето вклучени во процесот

Треба да бидат вклучени детали за системите за третман/намалување (емисии во воздух и вода), заедно со шеми доколку е можно.

За секоја идентификувана емисиона точка пополнете Табела VIII.1.1 и вклучете детални описи и шеми на сите системи за намалување.

Прилогот VIII.1 треба да ги содржи сите други придружни информации.

ОДГОВОР

Местоположбата на објектот исклучува директни влијанија и емисии во површинска вода. Влијанието врз водата е единствено возможно при товар и транспорт на опасен и

неопасен отпад што е предмет на складирање и обработка, од локацијата на нарачателот до локацијата на погонот.

Како една од основните мерки за намалување на влијанието и емисии во вода и почва е одржувањето на возилата во исправна состојба, кои се користат за транспорт на отпадот внатре во објектот и возилата со кои се врши транспорт на отпад од локацијата на нарачателот, до локацијата на складот.

На тој начин, значително се намалува веројатноста за појава на непредвидени дефекти и истекување на нафтени деривати и масла од резервоарите на возилата, кои може да доспеат до водотеците или пак почвата и да предизвикаат штети.

Потребно е особено внимание при извршување на активностите при товарење и транспортот на отпад, за да не дојде до неконтролирано излевање на отпадот во водотеците и на тој начин да се нарушат или потенцијално да се загадат.

Во **Прилогот VIII.1,** дадени се информации за мерките за спречување на загадувањето вклучени во процесот.

VIII.2 Мерки за третман и контрола на загадувањето на крајот од процесот

Треба да бидат вклучени детали за системите за третман/намалување (емисии во воздух и вода), заедно со шеми доколку е можно.

Прилогот VIII.2 треба да ги содржи сите други придружни информации.

ОДГОВОР

Во Прилогот VIII.2, дадени се информации за мерките за спречување на загадувањето вклучени на крајот од процесот.

IX МЕСТА НА МОНИТОРИНГ И МЕРНИ МЕСТА ЗА ЗЕМАЊЕ НА ПРИМЕРОЦИ

IX.1. Идентификувајте ги местата на мониторинг и земање на примероци и опишете ги предлозите за мониторинг на емисиите.

Пополнете ја табелата IX.1.1 (онаму каде што е потребно) за емисиите во воздух, емисии во површински води, емисии во канализација, емисии во почва и за емисии на отпад. За мониторинг на квалитетот на животната средина, да се пополни табелата IX.1.2 за секој медиум на животната средина и мерно место поединечно.

Потребно е да се вклучат детали за локациите и методите на мониторингот и земање примероци .

Прилогот IX треба да ги содржи сите други придружни информации.

ОДГОВОР

Во Прилог VI, на Сликите VI - 1 и VI - 5 претставени се местата на мониторинг на емисиите. Прилогот IX, ги содржи сите други придружни информации.

Табелите IX.1.1 се пополнети и дадени се во АНЕКС 1 - Табели.

X ЕКОЛОШКИ АСПЕКТИ И НАЈДОБРИ ДОСТАПНИ ТЕХНИКИ

X.1. Опишете ги накратко главните алтернативи на предлозите содржани во барањето, доколку постојат такви.

Опишете сите еколошки аспекти кои биле предвидени во однос на почисти технологии, намалување на отпад и замена на суровините.

Опишете ги постоечките или предложените мерки, со цел да се обезбеди дека:

1. Најдобрите достапни техники се или ќе се употребат за да се спречи или елиминира или, онаму каде што не е тоа изводливо, генерално да се намали емисијата од активноста;
2. не е предизвикано значајно загадување;
3. создавање на отпад е избегнато во согласност со Законот за отпад; кога отпад се создава, се врши негово искористување, или кога тоа технички и економски е невозможно, се врши негово одлагање и во исто врме се избегнува или се намалува неговото влијание врз животната средина;
4. енергијата се употребува ефикасно;
5. преземени се потребните мерки за спречување на несреќи и намалување на нивните последици (како што е детално опишано во Делот XI);
6. преземени се потребните мерки по конечен престанок на активностите со цел избегнување на сите ризици од загадување и враќање на локацијата во задоволителна состојба (како што е детално опишано во Делот XII);

Прилогот X треба да ги содржи сите други придружни информации.

Образложете го изборот на технологијата и дадете образложение (финансиско или друго) зашто не е имплементирана технологија предложена со Белешките за НДТ или БРЕФ документите.

ОДГОВОР

Документи кои се разгледувани и прифатени при креирање на основниот проект за започнување на работата на инсталацијата се:

• Reference Document on Best Available Techniques for the Waste Treatments Industries (Industrial Emissions Directive 2010/75/EU); 2016 European IPPC Bureau;
• Reference Document on Best Available Techniques for the energy efficiency; 2008, European IPPC Bureau;
• Reference Document on Best Available Techniques on Emissions Storage; July 2006, European IPPC Bureau;
• Технички упатства за најдобрите достапни техники за тетман на отпадни гасови и отпадни води, Март 2012, МЖСПП;
• ИСКЗ – Секторско упатство за третман на отпадни води и отпадни гасови, Зајакнување на управувањето со животната средина, Проект финансиран од ЕУ, раководен од Европската агенција за реконструкција, 2007, МЖСПП;

Оцената на аспектите и дефинирање на влијанието врз животната средина, дадени се во **Прилогот X.1**.

XI ПРОГРАМА ЗА ПОДОБРУВАЊЕ

Друштвото за Заштита на Животната Средина „ЕКО-ТЕАМ“ ДОО, Скопје постојано работи во насока на заштита на животната средина. Планира активности со цел подобрување на оперативниот план и напредно управување со аспектите на животната средин. Активностите на инсталацијата се поврзани со управување и постапување со отпад преку дефинирани процеси што опфаќаат собирање, складирање, третман на опасен и неопасен отпад,

Со цел имплементирање, одржување и постојано подобрување на заштитата на животната средина, Изработена е Програма за подобрување која ги опфаќа следните активности:

- Подобрување на технолошки и работни процеси,
- Унапредување на компетентност,
- Управување со отпадни води,
- Управување со ризици.

Во Прилог XI е дадена табела со предлог програма за подобрување на работата на инсталацијата, а со цел заштита на животната средина.

XII ОПИС НА ДРУГИ ПЛАНИРАНИ ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ

16 08 03	потрошени катализатори што содржат транзициони метали или соединенија на транзициони метали неспецифицирани на друг начин	x	x	/	12,13	15
16 08 04	потрошени катализатори за пиролиза на флуиди (освен 16 08 07)	x	x	x	12,13	15
16 08 05*	потрошени катализатори што содржат фосфорна киселина	x	x	x	12,13	9,15
16 08 06*	потрошени течности што се користеле како катализатори	x	x	x	12,13	9,15
16 08 07*	потрошени катализатори загадени со опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
16 09 01*	перманганати, на пр. калиум перманганат	x	x	x	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
16 09 02*	хромати, на пр. калиум хромат, калиум или натриум бихромат	x	x	x	12,13	9,15
16 09 03*	пероксиди, на пр. водороден пероксид	x	x	x	12,13	9,15
16 09 04*	оксидирачки супстанци неспецифицирани на друг начин	x	x	x	12,13	9,15
16 10 01*	отпадни води што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
16 10 02	отпадни води неспомнати во 16 10 01	x	x	/	12,13	15
16 10 03*	водени концентрати што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
16 10 04	водени концентрати неспомнати во 16 10 03	x	x	/	12,13	15
16 11 01*	јаглеродни облоги и огноотпорни материјали од металургиски процеси што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
16 11 02	јаглеродни облоги и огноотпорни материјали од металургиски процеси неспомнати во 16 11 01	x	x	/	12,13	15
16 11 03*	други јаглеродни облоги и огноотпорни материјали од металургиски процеси што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
16 11 04	други јаглеродни отпадни облоги и огноотпорни материјали од металургиски процеси неспомнати во 16 11 03	x	x	/	12,13	15

16 11 05*	отпадни облоги и огноотпорни материјали од неметалургиски процеси што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
16 11 06	отпадни облоги и огноотпорни материјали од неметалургиски процеси неспомнати во 16 11 05	x	x	/	12,13	15
17 01 01	бетон	x	x	x	12,13	15
17 01 02	цигли	x	x	x	12,13	15
17 01 03	керамиди и керамика	x	x	x	12,13	15
17 01 06*	смеси или посебни фракции од бетон, цигли, керамиди и керамики што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
17 01 07	смеси или посебни фракции од бетон, цигли, керамиди и керамики поинакви од оние во 17 01 06	x	x	x	12,13	15
17 02 01	дрво	x	x	x	12,13	15
17 02 02	стакло	x	x	x	12,13	15
17 02 03	пластика	x	x	x	12,13	15
17 02 04*	стакло, пластика и дрво што содржат или се загадени со опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
17 03 01*	битуминозни смеси што содржат катран	x	x	x	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
17 03 02	битуминозни смеси неспомнати во 17 03 01	x	x	x	12,13	15
17 03 03*	катран и производи што содржат катран	x	x	x	12,13	9,15
17 04 01	бакар, бронза, месинг	x	x	x	12,13	15
17 04 02	алуминиум	x	x	x	12,13	15
17 04 03	олово	x	x	x	12,13	15
17 04 04	цинк	x	x	x	12,13	15
17 04 05	железо и челик	x	x	x	12,13	15
17 04 06	калај	x	x	x	12,13	15
17 04 07	мешани метали	x	x	x	12,13	15
17 04 09*	метален отпад загаден со опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
17 04 10*	кабли што содржат масла, јагленов катран и други опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
17 04 11	кабли неспомнати во 17 04 10	x	x	x	12,13	15
17 05 03*	земја и камења што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	8,9,15
17 05 04	земја и камења неспомнати во 17 05 03	x	x	x	12,13	15
17 05 05*	ископана земја што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	8,9,15
17 05 06	ископана земја неспомната во 17 05 05	x	x	x	12,13	15
17 05 07*	ископан чакал од реки што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15

17 05 08	ископан чакал од реки неспомнат во 17 05 07	x	x	x	12,13	15
17 06 01*	изолациони материјали што содржат азбест	x	x	x	12,13	15
17 06 03*	други изолациони материјали што се состојат или содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
17 06 04	изолациони материјали неспомнати под 17 06 01 и 17 06 03	x	x	x	12,13	15
17 06 05*	градежни материјали што содржат азбест	x	x	x	12,13	15
17 08 01*	градежни материјали на база на гипс загадени со опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
17 08 02	градежни материјали на база на гипс неспомнати во 17 08 01	x	x	x	12,13	15
17 09 01*	отпад од градење и рушење што содржи жива	x	x	x	12,13	9,15
17 09 02*	отпад од градење и рушење загадени со ПХБ (на пример заптивни маси што содржат ПХБ, подни облоги на база на смоли што содржат ПХБ, заптивни делови за глазирање што содржат ПХБ, кондензатори што содржат ПХБ)	x	x	x	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
17 09 03*	друг шут (вклучувајќи и мешани отпад) што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
17 09 04	мешани материјали од градење и рушење неспомнати во 17 09 02 и 17 09 03	x	x	x	12,13	15
18 01 01	остри предмети (освен 18 01 03)	x	x	/	12,13	15
18 01 02	делови од човечко тело и органи вклучувајќи вреќички и шишиња со крв (освен 18 01 03)	x	x	/	12,13	15
18 01 03*	отпад чие собирање и отстранување е предмет на специјални барања поради заштита од инфекции	x	x	x	12,13	9,15
18 01 04	отпад чие собирање и отстранување не е предмет на специјални барања за заштита од инфекции (на пр. облека, завои од гипс, облека за еднократна употреба, платно, пелени итн)	x	x	x	12,13	15
18 01 06*	хемикалии направени од опасни супстанци или што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
18 01 07	хемикалии неспомнати во 18 01 06	x	x	x	12,13	15
18 01 08*	цитотоксични лекови и цитостатици	x	x	x	12,13	9,15

18 01 09	лекови неспомнати во 18 01 08	x	x	x	12,13	15
18 01 10*	отпад од амалгам од стоматолошка заштита	x	x	x	12,13	15
18 02 01	остри предмети (освен 18 02 02)	x	x	/	12,13	15
18 02 02*	отпад чие собирање и отстранување е предмет на специјални барања поради заштита од инфекции	x	x	/	12,13	9,15
18 02 03	отпад чие собирање и отстранување не е предмет на специјални барања за заштита од инфекции	x	x	x	12,13	15
18 02 05*	хемикалии што се опасни супстанци или што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
18 02 06	хемикалии неспомнати во 18 02 05	x	x	x	12,13	15
18 02 07*	цитотоксични лекови и цитостатици	x	x	x	12,13	9,15
18 02 08	лекови неспомнати во 18 02 07	x	x	x	12,13	15
19 01 02	железни материјали отстранети од остаточната пепел	x	x	x	12,13	15
19 01 05*	филтер погача од обработка на гасови	x	x	x	12,13	15
19 01 06*	отпадни води од чистење гасови и други отпадни води	x	x	x	12,13	9,15
19 01 07*	цврсти отпад од обработка на гасови	x	x	x	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
19 01 10*	истрошен активен јаглен од обработка на отпадни гасови	x	x	x	12,13	9,15
19 01 11*	остаточна пепел и згура што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
19 01 12	остаточна пепел и згура неспомнати во 19 01 11	x	x	x	12,13	15
19 01 13*	летечка пепел што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 01 14	летечка пепел неспомната во 19 01 13	x	x	x	12,13	15
19 01 15*	прашина од котлите што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 01 16	прашина од котлите неспомната во 19 01 15	x	x	x	12,13	15
19 01 17*	отпад од пиролиза што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
19 01 18	отпад од пиролиза неспомнат во 19 01 17	x	x	x	12,13	15
19 01 19	песоци од флуидизирани слоеви	x	x	x	12,13	15
19 01 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
19 02 03	претходно измешан отпад само од неопасни отпад	x	x	x	12,13	9,15
19 02 04*	претходно измешан отпад што содржи барем еден опасен отпад	x	x	x	12,13	9,15
19 02 05*	мил од физичко/хемиска обработка на отпад што содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 02 06	мил од физичко/хемиска обработка на отпад неспомнат во 19 02 05	x	x	x	12,13	9,15

19 02 07*	масла и концентрати од сепарација	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 02 08*	течен согорлив отпад што содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 02 09*	цврст согорлив отпад што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 02 10	согорлив отпад неспомнат во 19 02 08 и 19 02 09	x	x	x	12,13	15
19 02 11*	друг отпад што содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 02 99	друг отпад	x	x	x	12,13	9,15
19 03 04*	отпад означен како опасен, делумно стабилизиран	x	x	x	12,13	9,15
19 03 05	стабилизиран отпад поинаков од оној во 19 03 04	x	x	x	12,13	15
19 03 06*	отпад означен како опасен, стврднат	x	x	x	12,13	15
19 03 07	стврднат отпад поинаков од оној во 19 03 06	x	x	x	12,13	15
19 04 01	витрифициран отпад	x	x	x	12,13	15
19 04 02*	летечка пепел и друг отпад од обработка на излезни гасови	x	x	x	12,13	9,15
19 04 03*	невитрифицирана цврста фаза	x	x	x	12,13	15
19 04 04	отпадни води од темперирање на витрифициран отпад	x	x	/	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
19 05 01	некомпостирана фракција од комунален и сличен отпад	x	x	x	12,13	15
19 05 02	некомпостирана фракција од животински и растителен отпад	x	x	x	12,13	15
19 05 03	компост што не ги задоволува спецификациите за квалитет	x	x	x	12,13	15
19 05 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
19 06 03	течност од анаеробна преработка на комунален отпад	x	x	x	12,13	15
19 06 04	остаток од дигестија при анаеробна преработка на комунален отпад	x	x	x	12,13	15
19 06 05	течност од анаеробна преработка на животински и растителен отпад	x	x	x	12,13	15
19 06 06	остаток од дигестија при анаеробна преработка на животински и растителен отпад	x	x	x	12,13	15
19 06 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
19 07 02*	исцедок од депонии што содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 07 03	исцедок од депонии поинаков од оној во 19 07 02	x	x	/	12,13	9,15
19 08 01	остатоци од ситата и греблата	x	x	/	12,13	9,15
19 08 02	отпад од пескофаќач	x	x	x	12,13	9,15
19 08 05	мил од преработка на комунални отпадни води	x	x	/	12,13	9,15

19 08 06*	заситени или потрошени јоноизменувачки смоли	x	x	x	12,13	9,15
19 08 07*	раствори и мил од регенерација на јонски изменувачи	x	x	/	12,13	9,15
19 08 08*	отпад од мембрански системи што содржи тешки метали	x	x	/	12,13	9,15
19 08 09	смеси од мазива и масла од разделување на масло од вода што содржат само масла и масти за јадење	x	x	x	12,13	15
19 08 10*	смеси од мазива и масла од разделување на масло од вода неспомнати во 19 08 09	x	x	/	9, 12,13	9,15
19 08 11*	мил што содржи опасни супстанци од биолошка обработка на индустриски отпадни води	x	x	/	12,13	9,15
19 08 12	мил од биолошка обработка на индустриски отпадни води неспомнат во 19 08 11	x	x	/	12,13	9,15
19 08 13*	мил од други обработки на индустриски отпадни води што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 08 14	мил од други обработки на индустриски отпадни води неспомнати во 19 08 13	x	x	/	12,13	9,15
19 08 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
19 09 01	цврст отпад од примарна филтрација и од сита	x	x	x	12,13	15
19 09 02	мил од бистрење на вода	x	x	x	12,13	15
19 09 03	мил од декарбонизација	x	x	x	12,13	9,15
19 09 04	употребен активен јаглен	x	x	x	12,13	15
19 09 05	заситени или неупотребливи јоноизменувачки смоли	x	x	x	12,13	15
19 09 06	раствори или мил од регенерација на јонски изменувачи	x	x	x	12,13	9,15
19 09 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
19 10 01	отпад од железо и челик	x	x	x	12,13	15
19 10 02	отпад од обоени метали	x	x	x	12,13	15
19 10 03*	волуминозни лесни фракции и прав што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 10 04	волуминозни лесни фракции и прав што содржат опасни супстанци неспомнати во 19 10 03	x	x	x	12,13	15
19 10 05*	други фракции што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 10 06	други фракции неспоменати во 19 10 05	x	x	x	12,13	15
19 11 01*	употребени глини за филтрирање	x	x	x	12,13	9,15
19 11 02*	кисели катрани	x	x	x	9, 12,13	9,15

19 11 03*	отпадни води	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 11 04*	отпад од чистење горива со бази	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 11 05*	мил од сопствена обработка на отпадни води кој содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 11 06	мил од обработка во самиот погон на отпадни води што содржи опасни супстанци неспоменат во 19 11 05	x	x	x	12,13	9,15
19 11 07*	отпад од прочистување на излезни гасови	x	x	x	12,13	9,15
19 11 99	друг отпад	x	x	x	12,13	15
19 12 01	хартија и картон	x	x	x	12,13	15
19 12 02	необоени метали	x	x	x	12,13	15
19 12 03	обоени метали	x	x	x	12,13	15
19 12 04	пластика и гума	x	x	x	12,13	15
19 12 05	стакло	x	x	x	12,13	15
19 12 06*	дрво што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
19 12 07	дрво неспоменато во 19 12 06	x	x	x	12,13	15
19 12 08	текстил	x	x	x	12,13	15
19 12 09	минерали (на пример песок, камења)	x	x	x	12,13	15
19 12 10	Запалив отпад (смеса на горива)	x	x	x	12,13	15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
19 12 11*	друг отпад (вклучувајќи смеси на материјали) од механичка обработка на отпад што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 12 12	друг отпад (вклучувајќи смеси на материјали) од механичка обработка на отпад неспомнат под 10 12 11	x	x	x	12,13	15
19 13 01*	цврст отпад од ремедијација на почви што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 13 02	19 13 04	x	x	x	12,13	15
19 13 03*	мил од ремедијација на почви што содржи опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15
19 13 04	мил од ремедијација на почви што содржи опасни супстанци неспомнат во 19 13 03	x	x	x	12,13	9,15
19 13 05*	мил од ремедијација на подземни води што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
19 13 06	мил од ремедијација на подземни води што содржи опасни супстанци неспоменати во 19 13 05	x	x	x	12,13	9,15
19 13 07*	отпадни води и нивни концентрати од ремедијација на подземни води што содржат опасни супстанци	x	x	x	9, 12,13	9,15

19 13 08	отпадни води и нивни концентрати од ремедијација на подземни води неспомнати во 19 13 07	x	x	x	12,13	9,15
20 01 01	хартија и картон	x	x	x	12,13	15
20 01 02	стакло	x	x	x	12,13	15
20 01 08	биоразградлив отпад од кујни и кантини	x	x	x	12,13	9,15
20 01 10	облека	x	x	x	12,13	15
20 01 11	текстил	x	x	x	12,13	15
20 01 13*	растворачи	x	x	x	9, 12,13	9,15
20 01 14*	киселини	x	x	x	12,13	9,15
20 01 15*	бази	x	x	x	12,13	9,15
20 01 17*	фотохемикалии	x	x	x	12,13	9,15
20 01 19*	пестициди	x	x	x	12,13	9,15
20 01 21*	флуоресцентни ламби и друг отпад што содржи жива	x	x	x	12,13	9,15
20 01 23*	отфрлена опрема што содржи хлорофлуорокарбонати	x	x	x	12,13	15
20 01 25	масло и маст за јадење	x	x	x	12,13	9,15
20 01 26*	масло и масти неспомнати во 20 01 25	x	x	x	9, 12,13	9,15
20 01 27*	бои, мастила, лепила и смоли што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
20 01 28	бои, мастила, лепила и смоли неспомнати во 20 01 27	x	x	x	12,13	15
20 01 29*	детергенти што содржат опасни супстанци	x	x	x	12,13	9,15
Шифра на отпад	**Опис на отпад**	**S**	**IS**	**PP**	**R**	**D**
20 01 30	детергенти неспомнати во 20 01 29	x	x	x	12,13	9,15
20 01 31*	цитотоксични и цитостатски лекови	x	x	x	12,13	9,15
20 01 32	лекови неспомнати во 20 01 31	x	x	x	12,13	15
20 01 33*	батерии и акумулатори од 16 06 01, 16 06 02 и 16 06 03 и несортирани батерии и акумулатори што ги содржат тие батерии	x	x	x	12,13	15
20 01 34	батерии и акумулатори неспомнати во 20 01 33	x	x	/	12,13	15
20 01 35*	отфрлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21 и 20 01 23 што содржи опасни компоненти	x	x	x	12,13	15
20 01 36	отфлена електрична и електронска опрема неспомната во 20 01 21, 20 01 23 и 20 01 35	x	x	x	12,13	15
20 01 37*	дрво што содржи опасни супстанци	x	x	x	12,13	15
20 01 38	дрво неспомнато во 20 01 37	x	x	x	12,13	15
20 01 39	пластика	x	x	x	12,13	15
20 01 40	метали	x	x	x	12,13	9,15

20 01 41	отпад од чистење на оџаци	x	x	x	12,13	15
20 01 99	други фракции	x	x	x	12,13	9,15
20 02 01	биоразградлив отпад	x	x	x	12,13	15
20 02 02	земја и камења	x	x	x	12,13	15
20 02 03	друг отпад што не е биоразградлив	x	x	x	12,13	15
20 03 01	измешан комунален отпад	x	x	x	12,13	15
20 03 02	отпад од пазари	x	x	x	12,13	15
20 03 03	остатоци од чистење на улици	x	x	x	12,13	9,15
20 03 06	отпад од чистење на канализација	x	x	x	12,13	9,15
20 03 07	габаритен отпад	x	x	x	12,13	15
20 03 99	друг комунален отпад	x	x	x	12,13	9,15

Прилог 6: Решение за одобрување на елаборат за заштита на животнта средина

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Бр. УП1-11/4 од 200/2019 година
Скопје 05. 04. 2019

Врз основа на член 24 став 7 од Законот за животна средина (Службен весник на Република Македонија бр. 53/2005, 81/2005, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013, 42/2014, 44/2015, 129/2015 и 39/2016), постапувајќи по барањето на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје на Ул. Перо Наков бб-Скопје, за одобрување на Елаборат за заштита на животната средина број УП1-11/4-200/2019 од 13.02.2019 година, Директорот на Управата за животна средина при Министерството за животна средина и просторно планирање го издава следното

РЕШЕНИЕ
За одобрување на Елаборат за заштита на животна средина

1. Со ова Решение се одобрува Елаборат за заштита на животната средина, со број 03-0215/1, од 13.02.2019 година, изготвен од страна на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје, за изведување на проект: Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад, за потребите на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

2. Од доставената документација констатирано е дека со Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад во општина Гази Баба, нема да има значителни влијанија врз животната средина.

3. Инвеститорот се задолжува целосно и без исклучоци да се придржува кон пропишаниот режим и мерки за заштита предвидени во Елаборатот за заштита на животна средина, како и кон дополнителни решенија до колку низ изведбата и функционирањето се покаже потреба од зголемен обем и вид на превенција.

4. Ова Решение влегува во сила со денот на донесувањето.

МКД СЕРТИФИКАТ
МКС EN ISO 9001:2009

Образложение

Од Ваша страна беше доставен Елаборат за заштита на животната средина, за изведување на проект: Реконструкција и проширување на постоечка инсталација за собирање, складирање и третман на опасен и неопасен отпад, за потребите на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

Локацијата се наоѓа во склоп на индустриската зона Рудници и Железарница Скопје на КП број 2254/0, КО Гази Баба во општина Гази Баба-Скопје. На инсталацијата во работниот процес ќе бидат опфатени следените групи видови на отпад:
01, 02, 03, 04, 05, 06, 07, 08, 09, 10, 11, 12, 13 (освен 05 и 12), 14(освен 07 и 08), 15, 16, 17, 18, 19 и 20. Видовите на отпад кои што ќе бидат складирани/третирани се дефинирани во Прилог 1 од Елаборат за заштита на животната средина.

Предметниот Елаборат за заштита на животната средина е изготвен согласно Правилникот за формата и содржината на Елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување како и начинот на водење на регистарот за одобрени Елаборати (Службен весник на Република Македонија бр. 44/2013 и 111/2014), од страна на ЕКО-ТЕАМ ДОО од Скопје.

Правна поука: против ова Решение може да се поднесе жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен.

Директор на
Управа за животна средина
Xhezmi Saliu

Подготвил: Александар Петковски
Контролирал/Согласен: Билјана Петкоска

3.2. Политика за квалитет и заштита на животната средина

ЕКО-ТЕАМ	ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА	ПРИ ЕТ 01 П.3

Политиката за квалитет и заштита на животната средина е составен дел од целокупната политика на работење на друштвото ЕКО-ТЕАМ ДОО и има функционална вредност во рамките на стратегијата, контекстот на организацијата и корпоративните цели. Истата се спроведува со цел да се задоволат барањата на купувачот, заинтересираните страни, вработените,како и заштита на животната средина.

Насоченоста кон купувачите, нашите вработени и заштитата на животната средина се основни вредности на целокупното работење на нашето друштво. Со имплементирање, одржување и постојано подобрување на системите за квалитет и заштита на животната средина ISO 9001 и ISO 14001, ЕКО-ТЕАМ ДОО преку процесен пристап на управување спроведува постојано подобрување во работењето.

ЕКО-ТЕАМ ДОО во остварување на својата мисија е насочено кон спроведување и почитување на следниве принципи и цели:

- Постојано подобрување на Интегрираниот менаџмент систем и квалитетот на работење, преку анализа на потенцијалните ризици и можности за нивно решавање;
- Исполнување на барањата на Интегрираниот менаџмент систем, согласно барањата на стандардите ISO 9001 и ISO 14001;
- Исполнување и надминување на барањата и очекувањата на клиентите и заинтересираните страни;
- Постојано следење и почитување на важечките законски и подзаконски прописи и барања;
- Спроведување на континуиран процес на унапредување на заштита на животната средина, со цел смалување на негативните влијанија врз животната средина;
- Постојано подобрување на знаењето и компетенциите на нашите вработени, преку континуирана едукација и обуки.

Вработените кои се во директен контакт со клиентите, се поттикнуваат на љубезен однос кон истите и препознавање на сите нивни барања, како и препознавање на идните нивни потреби и промоција на услугите на друштвото.

Вработените кои учествуваат во изведување на работите се поттикнуваат на полн ангажман, квалитетно извршување на работите, кооперативност и одговорност во извршување на работите, со цел да се изврши работата во согласност со барањата на клиентите, во граници на договорените временски рокови и оптимални трошоци, а без негативно влијание на животната средина.

Раководството на друштвото се обврзува на ширење на свест во друштвото за визијата и мисијата на истото и на сите основни вредности кои е потребно да се почитуваат во секојдневното работење спрема сите заинтересирани страни.

Со спонзорирање на активности кои придонесуваат за заштита на животната средина, ќе настојуваме да ја развиваме свеста во општеството за заштита на животната средина и за грижа за зачувување на здрава животна средина.

Скопје, 15.01.2018г.

Директор

Жељко Шмитран

ЕКО-ТЕАМ Скопје

3.3. Сертификат ISO 9001:2015



SGS

Certificate HR18/2005

The management system of

EKO-TEAM

EKO-TEAM d.o.o.

Pero Nakov bb, 1000 Skopje, Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

ISO 9001:2015

For the following activities

Industrial cleaning; collection and treatment of hazardous and non hazardous waste; soil remediation; environmental consultancy; CCTV video inspection of pipelines; trenchless rehabilitation of gravity and pressure pipelines; cleaning and disinfection of ventilation and air conditioning systems; desinsection, disinfection and pest control.

This certificate is valid from 13 July until 7 June 2021
and remains valid subject to satisfactory surveillance audits
Recertification audit due before 23 May 2021
Issue 2. Certified since June 2015

SGS Ref CH15/0763

Authorised by

SYSTEM CERTIFICATION ISO 9001 SGS

SWISS ACCREDITATION sas.admin.ch SCESm 0017

SGS Société Générale de Surveillance SA
Technoparkstrasse 1 8005 Zurich Switzerland
t +41 (0)44 445-16-80 f +41 (0)44 445-16-88 www.sgs.com

Page 1 of 1

SGSSGSGS

This document is issued by the Company subject to its General Conditions of Certification Services accessible at www.sgs.com/terms_and_conditions.htm. Attention is drawn to the limitations of liability, indemnification and jurisdictional issues establishe d therein. The authenticity of this document may be verified at http://www.sgs.com/en/certified -clients-and-products/certified-client-directory. Any unauthorized alteration, forgery or falsification of the content or appearance of this document is unlawful and offenders may be pr osecuted to the fullest extent of the law.

3.4. Сертификат ISO 14001:2015



Certificate HR18/2005

The management system of

EKO-TEAM

EKO-TEAM d.o.o.

Pero Nakov bb, 1000 Skopje, Macedonia

has been assessed and certified as meeting the requirements of

ISO 14001:2015

For the following activities

Industrial cleansing; collection and treatment of hazardous and non hazardous waste; soil remediation; environmental emergency response; environmental consultancy; CCTV video inspection of pipelines; trenchless rehabilitation of gravity and pressure pipelines; cleaning and disinfection of ventilation and air conditioning systems; desinsection, disinfection and pest control.

This certificate is valid from 13 July 2018 until 7 June 2021
and remains valid subject to satisfactory surveillance audits
Recertification audit due before 23 May 2021
Issue 2. Certified since June 2015

SGS Ref CH15/0764

Authorised by

SGS Société Générale de Surveillance SA
Technoparkstrasse 1 8005 Zurich Switzerland
t +41 (0)44 445-16-80 f +41 (0)44 445-16-88 www.sgs.com

Page 1 of 1

This document is issued by the Company subject to its General Conditions of Certification Services accessible at www.sgs.com/terms_and_conditions.htm. Attention is drawn to the limitations of liability, indemnification and jurisdictional issues established therein. The authenticity of this document may be verified at http://www.sgs.com/en/certified-clients-and-products/certified-client-directory. Any unauthorized alteration, forgery or falsification of the content or appearance of this document is unlawful and offenders may be prosecuted to the fullest extent of the law.

4.5. Договор за дистрибуција на хигенска вода и одведување на урбани отпадниводи

РУДНИЦИ И ЖЕЛЕЗАРНИЦА „УСЛУГИ“ Акционерско друштво
Бр. 0307-4721/1
15.00 2018 год.
СКОПЈЕ

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ
Бр. 03-0492/1
18.04 2018 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ

Склучен на ден _____ година меѓу:

1. РЖ УСЛУГИ АД – Скопје, ул.16-та Македонска бригада бр.18, ЕДБ 4030997275072 застапувано од страна на Извршниот директор Јован Гечески, во понатамошниот текст како Давател на услуги. и

2. ЕКО - ТЕАМ ДОО - Скопје, со седиште на ул.Перо Наков бр. б.б. (во круг на МЗТ) Скопје, ЕДБ 4030008034550 застапувано од Управителот Жељко Шмитран, во понатамошниот текст како Корисник.

Договорените страни се согласија на следново:

Член 1

Предмет на овој договор е услуга - дистрибуција на хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води од страна на Давателот на услугата за потребите на Корисникот, врз основа на Договор бр.0307-1612 од 11.12.2015 година заверен кај РЖ УСЛУГИ АД Скопје односно бр. 0307-15214/1 од 14.12.2015 година кај ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје.

Член 2

Давателот на услугата се обврзува да врши редовна и непрекината дистрибуција на исправна хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води преку изградениот водоснабдителен систем.

Член 3

Количината на дистрибуираната хигиенска вода и одведена урбана отпадна вода , ќе се мери со постојниот влезен мерач на проток на вода, кој е инсталиран на соодветното мерно место од страна на Давателот на услугата и на негова сметка. Корисникот на услугата може да ја користи услугата на повеќе мерни места. Во Прилог 1, кој е составен дел од овој договор, детално се наведени мерните места, типот на мерачот и неговиот сериски број, фактор на множење доколку поседува и почетната состојба према извршеното отчитување за месец март 2018 година.

Член 4

Давателот на услугата се обврзува да ја отчита почетната и крајната состојба во m^3 на мерачот/мерачите за месецот во кој ја извршил услугата, да изготви соодветен записник за нивната разлика која ја претставува месечната количина. Доколку мерачот поседува фактор на множење, разликата од крајната и почетната состојба на мерачот се множи со факторот и се добива месечната количина. Давателот на услугата ќе достави фактура за месечната количина преку емаил,

пошта или преку овластен работник. Овластено лице од страна на Корисникот има право да присуствува при отчитувањето на состојбата на мерачот/мерачите.

Член 5

Плаќањето за извршената услуга ќе се врши по доставена фактура за месечната количина на дистрибуирана хигиенска вода и одведена урбана отпадна вода регистрирана на влезниот мерачот/мерачите од член 3 на овој договор помножена со надоместокот.

Надоместокот за дистрибуираната хигиенска вода и одведената урбана отпадна вода изнесува 26,37 денари / m^3 пред стапување во сила на Одлука Бр.0202-2525/3 од 28.02.2018 година донесена од страна на Управниот одбор на ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје, за скалесто зголемување на цената.

Со стапување во сила на Одлука Бр.0202-2525/3, Надоместокот за дистрибуирана хигиенска вода и одведената урбана отпадна вода изнесува:

- За остаток од 2018 година: 34.47 денари / m^3
- 2019 година: 44.35 денари / m^3
- 2020 година: 54.58 денари / m^3
- 2021 година: 65.80 денари / m^3

Член 6

Ако со мерачот поради различни причини не може да се утврди стварната потрошена количина на вода до поставување на исправен водомер, пресметката и наплатата ќе се врши врз основа на годишната просечна потрошувачка од претходната година кога потрошувачката била мерлива.

Член 7

Приклучувањето на водоводната мрежа, отворање и затворање на арматурата од двете страни на мерачот, монтирање и демонтирање, чистење, поставување и замена на мерачот од член 3 на овој договор го врши исклучиво Давателот на услугата.

Член 8

Корисникот на услугата е должен да овозможи несметан пристап на овластен работник на Давателот на услугата, заради читање на мерачот и одржување на водоводниот приклучок, како и за контрола на исправноста на водоводната мрежа и други уреди чија неисправност може да предизвика штета на водоводна мрежа на Давателот на услугата.

Член 9

Корисникот на услугата е должен редовно да ја одржува внатрешната водоводна инсталација, водомерната шахта или местото каде е поставен мерачот, како и истиот да го заштити од механички и други оштетувања.

Член 10

Корисникот на услугата е должен веднаш, а најдоцна во рок од 3 (три) дена по откривањето на секаков дефект што ќе настане на водоводниот приклучок, водоводната шахта , како и сите измени што влијаат на начинот на користењето на услугата или пресметката на потрошената вода, да го извести писмено давателот на услугата, особено за:

- неисправен мерач ,
- промена на сопственоста;
- пренамена на објектот
- други промени.

Член 11

Корисникот на услугите е должен и се обврзува дека навремено ќе ги плаќа месечните фактури за извршената услуга - дистрибуција на хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води .
Непримањето на фактура не го ослободува корисникот од обврската да го плати долгот на време.

Член 12

Давателот на услугата има право на Корисникот да го прекине со дистрибуција на хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води , во случај на неплаќање на фактурата за месечната количина на дистрибуирана хигиенска вода и одведена урбана отпадна вода . Доколку фактурата не биде платена најдоцна 10 дена по истекот на валутниот рок, Давателот на услугата има право без дополнително известување до Корисникот да ја прекине со дистрибуција на хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води.

Доколку за Корисникот настане било каква штета заради прекин на дистрибуцијата во смисла на претходниот став, штетата во целост ќе си ја сноси корисникот.
Трошоците за прекинувањето од став 1 на овој член и повторно приклучување паѓаат на товар на Корисникот.

Член 13

Во случај ако се примени некоја дополнителна такса, давачка или данок во прилог на постоечките и се аплицира врз дистрибуција на хигиенска вода и одведување на урбани отпадни води, предмет на овој договор или настане промена на цената по Договор бр.0307-1612 од 11.12.2015 година заверен кај РЖ УСЛУГИ АД Скопје односно бр. 0307-15214/1 од 14.12.2015 година кај ЈП ВОДОВОД И КАНАЛИЗАЦИЈА Скопје, истите ќе биде на терет на Корисникот изразени поединечно како ставка по основ и количина во склоп на издадената фактура.

Член 14

Овој Договор е склучен на денот кога е заверен кај Давателот на услугата и истиот се склучува на неопределено време.
Измени и дополнувања на овој договор ќе се вршат со Анекс кон истиот.
Доколку корисникот не го потпише овој договор ќе му биде прекинато давањето на услугите од страна на Давателот на услугата.

Член 15

Во случај на спор на овој Договор надлежен е Основниот суд во Скопје.

Член 16

Овој Договор е составен во 4 (четири) еднакви примероци, 2 (два) за Давателот на услугата и 2 (два) за Корисникот.

Давател на услуги:	Корисник:
РЖ УСЛУГИ АД Скопје	ЕКО - ТЕАМ ДОО Скопје
Извршен директор Јован Гечески	Управител Жељко Шмитран
потпис	потпис

ПРИЛОГ 1

кон **ДОГОВОР ЗА ДИСТРИБУЦИЈА НА ХИГИЕНСКА ВОДА И ОДВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИ ОТПАДНИ ВОДИ**

Корисник: ЕКО - ТЕАМ ДОО - Скопје, со седиште на ул.Перо Наков бр. б.б. (во круг на МЗТ) Скопје, ЕДБ 4030008034550 застапувано од Управителот Жељко Шмитран, во понатамошниот текст како Корисник.

Реден број	Број на мерно место	Локација на мерно место	Тип на мерач	Серискиброј	Почетна состојба на 01 март 2018 во m^3
1	44-Б	КАЈ ОГНООТПОРНО	INSA	13541861	3151
2	44-А	ЕКО - ТЕАМ	INSA	19085-14043	3859

Давател на услуги:

РЖ УСЛУГИ АД Скопје

Извршен директор Јован Гечески

потпис

Корисник:

ЕКО - ТЕАМ ДОО Скопје

Управител Жељко Шмитран

потпис

Страна **5** од **5**

4.6. Договор за снабдување со електрична енергија

Друштво со ограничена одговорност основано од едно лице, ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ
Бр. 01-13011
30.09 2019 год.
СКОПЈЕ

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ ДОО
Бр 03-1560/1
22.10. 2019 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР
ЗА СНАБДУВАЊЕ СО ЕЛЕКТРИЧНА ЕНЕРГИЈА

Склучен помеѓу :

Елем Трејд ДООЕЛ Скопје со седиште на ул. 11 Октомври бр.9, 1000 Скопје, ЕМБС 6548474, ЕДБ 4080009508269, жиро- сметка 200002036632944 депонент на Стопанска банка АД Скопје, застапувано од управителот Павле Маџовски (во понатамошниот текст: Снабдувач) , од една страна
и
ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје со седиште на ул.Перо Наков бб, 1000 Скопје, ЕМБС 6371698, ЕДБ 4030008034550 , жиро сметка 210-0637169801-25 депонент на НЛБ Банка АД Скопје, застапувано од Управителот Жељко Шмитран (во понатамошниот текст: Потрошувач) од друга страна.

I. ПРЕДМЕТ НА ДОГОВОРОТ

Член 1

(1) Предмет на овој договор е уредување на меѓусебните права и обврски на договорните страни во врска со снабдување со електрична енергија на Потрошувачот од страна на Снабдувачот.
(2) Снабдувачот ќе му продава и ќе му испорачува на Потрошувачот, а Потрошувачот, со користење на (преносната мрежа/дистрибутивната мрежа) ќе купува и презема електрична енергија од Снабдувачот и ќе ја плаќа електричната енергија, во согласност со одредбите на овој договор и Правилата за снабдување со електрична енергија.

Член 2

(1) Периодот на снабдување со електрична енергија според овој договор почнува од 00:00 часот на 01.10.2019 година (во понатамошниот текст: “Период на снабдување“).
(2) Потрошувачот, со склучување на овој договор, изјавува дека е согласен неговата балансна одговорност да биде превземена од Балансната група на Снабдувачот.

II. ЦЕНА

Член 3

(1) Цените за електрична енергија со која ќе биде снабдуван Потрошувачот се дадени во следната табела:

Пресметковен елемент	Единица	Време на испорака на ел.енергија во текот на денот	Цени за пресметковни елементи (денари)
			Категорија на потрошувачи приклучени на 0,4 kV напонско ниво
Активна моќност	kW		(*)
активна електрична енергија	kWh	ВДО	5,99
		НДО	(*)
прекумерно преземена реактивна ел. енергија	kWh	ВДО	2,09
		НДО	(*)

(2) Во цената на електрична енергија од став 1 од овој член се вклучени: цената на испорачаната електрична енергија, трошоците по основ на балансна одговорност, надоместок за електрична енергија произведена од повластен производител од обновливи извори, надоместок за регулирана просечна тарифа за организирање и управување со пазарот на електрична енергија, надоместокот за користење на преносен и дистрибутивен систем .
(3) Снабдувачот ќе ги покрие сите трошоци за балансирање на потрошувачката на Потрошувачот, и Потрошувачот нема да сноси никакви дополнителни трошоци за балансирањето на својата потрошувачка.
(4) Цената не вклучува данок на додадена вредност (ДДВ), комунална такса за јавно осветлување, камата за задоцнето плаќање, сите евентуални даноци, такси, надоместоци, давачки, придонеси или додатоци, што ги одредуваат надлежните институции на Република Северна Македонија, вклучително и нивно евентуално зголемување или воведување на нови даноци, такси, надоместоци, итн., како и сите други евентуални трошоци, како и било кои други државни регулирани надоместоци, што изречно не се

спомнуваат и што им се наметнуваат на договорните страни во периодот на важење на овој договор од страна на надлежниот државен орган, а кои Снабдувачот ќе му ги искаже на Потрошувачот на секоја фактура и кои ќе ги плаќа Потрошувачот.

III.МЕРЕЊЕ И НАЧИН НА ПРЕСМЕТКА

Член 4

(1) Периодот за пресметка на испорачаната електрична енергија според овој договор е календарски месец (во понатамошниот текст: “Пресметковен период“) кој започнува на првиот календарски ден во месецот и завршува на последниот календарски ден во месецот.

Член 5

(1) Мерните податоци за испорачаната електрична енергија ќе се утврдуваат со отчитување на мерниот уред, односно бројилото за електрична енергија на пресметковното мерно место, кое се наоѓа на Местото на примопредавање.
(2) Мерните податоци ги утврдува надлежниот (преносен/дистрибутивен) систем оператор, со мерни уреди на пресметковните мерни места, во согласност со Законот за енергетика, и другите релевантни закони и подзаконски акти и технички прописи.
(3) Мерните места се дадени во Прилог бр.1 на овој Договор – Листа на места на потрошувачка.
(4) Местата на испорака и местата на мерење на електричната енергија во одредени случаеви можат да не се совпаѓаат.
(5) Во случај кога местото на мерење е на пониско напонско ниво од местото на испорачување, тогаш ОДС измерените количини на енергија и моќност ќе ги зголеми за техничките загуби во водот и трансформаторите, согласно Правилата за снабдување со електрична енергија.
(6) Снабдувачот има право да изврши исправка на пресметката на испорачаната електрична енергија во случај на дефект на мерните уреди, а пресметувањето на испорачаната односно превземената електрична енергија ќе се врши комисиски врз база на расположивата документација. Во овој случај ќе се формира Комисија составена од овластени лица на договорните страни.
(7) Во случај на промена на мерните места, Потрошувачот е должен да го извести Снабдувачот и да му достави нова Листа на места на потрошувачка која ќе ја замени претходната листа, при што нема да се менува овој Договор
(8) Во случај на замена на бројило поради баждарење или техничка неисправност се постапува согласно важечките Правила за снабдување со електрична енергија и Мрежните правила за дистрибуција
(9) Доколку на мерното место на Потрошувачот е приклучен индиректен потрошувач, пресметката на електрична енергија и моќност за примарниот потрочувач ќе се врши согласно член 18 од Тарифниот систем за продажба на електрична енергија на домаќинства и мали потрошувачи.

IV.ФАКТУРИРАЊЕ, РОК И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕ

Член 6

(1) Снабдувачот е должен фактурата за испорачаната електрична енергија да ја достави до потрошувачот во рок од 10 (десет) дена од денот на завршувањето на пресметковниот период на адреса или преку електронска пошта на Потрошувачот.
(2) Потрошувачот е должен да ја плати фактурата за потрошената електрична енергија во рок од 20 (дваесет) дена од денот на завршувањето на пресметковниот период.
(3) Потрошувачот има право да поднесе приговор на доставената фактура во рок од 8 (осум) дена од денот на приемот на фактурата.
(4) Снабдувачот е должен да постапи по приговорот од став 3 на овој член на начин и во рокови утврдени во Правилата за снабдување со електрична енергија.
(5) Ако потрошувачот не ја добие фактурата за потрошена електрична енергија до 20-от ден по истекот на пресметковниот период, должен е да побара копија од фактурата за потрошена електрична енергија од снабдувачот, а снабдувачот е должен да му достави копија од фактурата во рок од 2 (два) работни дена од денот на приемот на барањето.

Член 7

(1) Доколку Потрошувачот не ја плати фактурата или дел од фактурата, во рокот утврден во член 6 став 2 од овој договор, Снабдувачот има право да пресметува законска казнена камата за секој ден задоцнување согласно Законот за облигациони односи.

(2) Доколку, Потрошувачот не плати било кои од договорените обврски во роковите утврдени со овој договор, снабдувањето со електрична енергија ќе му биде прекинато по барање на Снабдувачот поднесено до ОДС, во согласност со Правила за снабдување со електрична енергија.
(3) Доколку дојде до прекинување на снабдувањето со електрична енергија Потрошувачот ќе ги сноси вкупните трошоци кои ќе ги фактурира ОДС и нема право да бара надомест на евентуална штета која би настанала поради прекинување на снабдувањето. Сите обврски и останати трошоци настанати до денот на прекинувањето на снабдувањето веднаш стасуваат за наплата.

Член 8

(1) Потрошувачот може да се обрати до Центарот за односи со потрошувачите на снабдувачот на тел. 02/ 3104-848 и 02/3104-813 за информации, советување и услуги.
(2) Снабдувачот е должен да ги извести потрошувачите за прекините во снабдувањето со електрична енергија по писмен пат или телефонски, по добиена информација од ОДС за евентуалните прекини при испораката на електричната енергија.

Член 9

(1) Потрошувачот е должен да го известува Снабдувачот пред спроведување на сите планирани ремонти, дополнителни оптеретувања и другите планирани дејности во своите простории, со прецизирани периоди на спроведување на таквите дејности и/или прогнози за измени во просечните часовни оптеретувања и тоа во најкус можен рок, но не подоцна од 3 (три) дена пред отпочнување на планираните ремонти и/или други планирани дејствија кои дополнително ќе влијаат на потрошувачката на електрична енергија.

V. ВИША СИЛА

Член 10

(1) "Виша сила" во смисла на овој договор значи настапување на настан кој е надвор од разумна контрола на договорната страна, која се повикува на Виша сила (во понатамошниот текст: "Страната која се повикува на Виша сила"), како и настани наведени во Правилата за снабдување на електрична енергија, што таа основано не можела да го избегне или надмине и што прави да е невозможно за Страната која се повикува на Виша сила да ги изврши своите обврски за испорака или преземање на количините на електрична енергија.
(2) Ако едната договорна страна во целост, или делумно, поради виша сила е спречена да ги извршува своите обврски за испорака или преземање според овој договор, ќе се смета дека не дошло до кршење на обврските или неизвршување од таа страна и таа ќе биде ослободена од тие обврски за временскиот период, и во обем, додека таквата Виша сила го спречува нејзиното извршување.
(3) Во случај на виша сила, Снабдувачот има право да ја намали, ограничи или прекине испораката за времетраењето на виша сила и за време на санирање на последиците од виша сила. Снабдувачот во случај на Виша сила треба да го извести Потрошувачот за почетокот и крајот како и да превземе соодветни разумни мерки за ублажување на последиците.
(4) Страната засегната од настанот на Виша сила должна е веднаш, писмено да ја извести другата страна за отпочнувањето и завршувањето на горенаведените околности, со наведување на причините за Вишата сила што, во случај на сомнеж, треба да се докаже.

Член 11

(1) Секоја договрна страна ќе биде должна да надомести било каква штета на другата договорна страна за неисполнување или повреда на договорните обврски во случај и на начин предвиден со Правилата за снабдување со електрична енергија.

Член 12

(1) Договорот може да се раскине согласно Правилата за снабдување со електрична енергија доколку една од договорните страни не ги извршува обврските од Договорот како и во други случаи утврдени со закон, со претходно писмено известување за раскинување на Договорот 30 (триесет) дена пред денот на кој една од договорните страни бара договорот да биде раскинат.
(2) Договорот може да се раскине и во случај на укинување или менување на законските одредби врз основа на кој е склучен Договорот како и во други случаи утврдени со закон и со други подзаконски акти.

VI. ПЕРИОД НА ВАЖЕЊЕ И ПРЕСТАНОК НА ДОГОВОРОТ,

Член 13

(1) Овој Договор стапува во сила со денот на потпишувањето на Договорот од двете договорни страни а ќе се применува од 01.10.2019 година.
(2) Овој договор се склучува на неопределено време.

VII. ИЗВЕСТУВАЊА

Член 14

(1) Фактури, известувања и друга документација испратени од едната договорна страна, до другата договорна страна, согласно обврските од овој Договор, се испраќаат во писмена форма на адреса, преку архива или како и можност за достава по електронска пошта.
(2) Секоја страна е должна, без одлагање, писмено да ја извести другата страна за промена на адресата, или електронската пошта , во спротивно ќе се смета дека доставата на документите е уредно извршена.
(3) Потрошувачот е должен на Снабдувачот да му ги пријави промените на сопственоста или промените во врска со правото на користење, промената на имињата, промената на деловното име, односно за промени на називот, промени на намената на потрошувачката на електричната енергија, статусните промени, промени на приклучокот (оттуѓување на објект, промена на корисник, промена на адреса, зголемена едновремена моќност, изменет приклучок, итн), и другите промени настанати по склучувањето на овој Договор, вклучувајќи отворањето на стечај или ликвидација во моментот кога се настанати промените, во спротивно ќе одговара за евентуалната штета што снабдувачот би ја претрпел поради тоа.
(4) Адресите и електронската пошата за комуникација помеѓу договорните страни се следните:
   а. За Снабдувач: ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје,11 Октомври бр.9, 1000 Скопје,
   е-маил: elemtrejd@elem.com.mk
   б. За Потрошувач: ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје, ул.Перо Наков бб, 1000 Скопје,
   е-маил: info@eko-team.net

VIII. ПРЕНОС

Член 15

(1) Ниедна договорна страна нема да биде овластена да ги пренесе своите права и обврски согласно овој договор, делумно или во целост, на било која трета страна, без писмена согласност од другата страна.

IX. ДОВЕРЛИВОСТ

Член 16

(1) Договорните страни, сите информации што се однесуваат на овој Договор и неговата имплементација, кои не се јавно објавени или за кои не постои законски пропишана обврска за јавно соопштување, ќе ги сметаат за доверливи спрема било која трета страна.
(2) Ниедна Страна нема да открие било кој дел од овој договор на трета страна без претходна писмена согласност од другата страна, освен ако третата страна не е законски овластена да бара информации.

X. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 17

(1) За регулирање на меѓусебните права и обврски кои не се опфатени со овој Договор, важат одредбитеод законските и подзаконските акти кои ја регулираат материјата предмет на овој Договор.
(2) Споровите кои би настанале со применувањето на овој Договор ќе се решаваат спогодбено, а доколку не се постигне согласност споровите ќе се решаваат пред надлежниот суд во Скопје.
(3) Измени и дополнувања на овој Договор може да се вршат во писмена форма со анекс кон овој Договор.
(4) Договорот е составен во 4 (четири) еднобразни примероци од кои секоја договорна страна задржува по 2 (два) примероци.

ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје
Снабдувач

ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје
Потрошувач

ПРИЛОГ 1

ред бр.	код на место на мерење/испорака	тип на броило	број на броило	мерни трансформатори		Константа внесена во броило
				струјни [A/A]	напонски [V/V]	
1.	3_G_FAM_EKOTIM_1	ZMD405	50812225			1
2.						
3.						
4.						
5.						
6.						
7.						

ЕЛЕМ ТРЕЈД ДООЕЛ Скопје
Снабдувач

ЕКО-ТЕАМ ДОО Скопје
Потрошувач

5.3. Договор за депонирање на комунален отпад и останати видови на отпад

Друштво за депонирање на комунален отпад
ДРИСЛА-СКОПЈЕ ДОО
Бр. 03-298/1
22.01.2016 год.
Батинци, Отпадничка 1

Друштво за заштита на животна средина ЕКО-ТЕАМ
Бр. 03-0126/1
25.01.2016 год.
СКОПЈЕ

ДОГОВОР

За депонирање на комунален отпад и сите други поедини видови на отпад, согласно А-Дозволата за усогласување со оперативен план

Склучен помеѓу :

1. **“ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО – СКОПЈЕ“, с.Батинци, п.фах 34, Скопје** претставувано од директорот Горан Ангелов, како **Давател** на услуга; и

2. **„Еко ТЕАМ“ ДООЕЛ – Скопје, ул. Перо Наков бб**
претставувано од управител Жељко Шмитран, како **Корисник** на услуга
Даночен број: 4030008034550
Жиро с-ка: 210-063716980125
Депонент: Тутунска Банка Скопје

Член 1

Предмет на овој договор е депонирање на комунален отпад и сите други поедини видови на отпад, согласно А-дозволата за усогласување со оперативен план.

Во прилог 1 од овој Договор е Додатокот 3 од А-Дозволата за усогласување со оперативен план во кој се наведени сите шифри на отпад според Листата на видови отпад кои можат да бидат третирани (R) и депонирани (D) на депонијата Дрисла од страна на ДРИСЛА – СКОПЈЕ ДОО.

